# ОСВРТИ

Глигор ТОДОРОВСКИ

## ИСКЛУЧУВАЊЕТО НА ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ ОД КУМАНОВСКАТА ГИМНАЗИЈА

Христијан Тодоровски-Карпош,[1] народен херој и еден од првоборците на Куманово и на Кумановскиот крај, како ученик во гимназијата во Куманово во предвоена Југославија, во годините пред почетокот на Втората светска војна, и покрај крајно неповолните услови за школување, бил еден од најдобрите ученици во гимназијата. Ова може најдобро да се утврди од податоците, внесени во Главната книга, [2] од годините на неговото школување, што била водена во Кумановската гимназија, од последните класови на школувањето на младиот Христијан. Од Главната книга може да се утврди успехот по сите предмети, што биле предавани во гимназијата, како дисциплински се однесувал младиот Христијан и за некои карактерни црти од младоста, што во главната книга ги внел неговиот класен раководител. Така, во учебната 1938/39 година, младиот Христијан бил во VI клас на Кумановската гимназија.[3] Од таа учебна година е сочувана Главната книга на Кумановската гимназија и во неа, покрај оценките на другите ученици, се внесени и сите оценки по предметите од тој клас и за Христијан Тодоровски. Од нив, се гледа дека младиот Христијан бил одличен ученик. Покрај овој податок за одличното

[1] Христијан Вангелов Тодоровски е роден во Куманово, во 1921 година. од рани години се вклучил во комунистичкото движење во Куманово и Кумановско. Со почетокот на антифашистичката борба во Македонија во 1941 година, станал борец во партизанските одреди. Од храбар борец достигнал до командант на баталјон и одред. На 5 февруари 1944 година, во една нерамна борба со фашистичкиот бугарски окупатор храбро загинал, положувајќи го својот млад живот во темелите на македонската држава. На 29 јули 1945 година бил прогласен за народен херој на Југославија. Со неговото учество во антифашистичката борба, а и порано како активист на ослободителното движење, народот во Куманово го опеал во повеќе епски песни. Види: Зборник, Народни херои од Македонија, “Наша книга”, Скопје, 1973, 375-381.

[2] Архив на Македонија - Подрачно одделение во Куманово, Архивски фонд: Кумановска гимназија. Архивски необработен материјал.

[3] Истото.

учење на Христијан, интересно е да се забележи дека најслаба оценка му била по предметот веронаука - добар (3). За сите други предмети тој имал високи оценки - одличен и многу добар успех. Така, од предметот српски јазик, на крајот на учебната 1938/39 година, Христијан имал оценка одличен(5), од француски јазик, одличен (5), од латинскиот јазик, одличен(5), од историја, одличен (5), од географија многу добар (4), од математика одличен (5), од хемија многу добар (4), од цртање одличен (5), а фискултура -многу добар (4), Меѓутоа, и покрај тоа што младиот Христијан бил многу дисциплиниран ученик, неговата оценка од поведение била многу добра (4). На крајот од учебната 1938/39 година, од класниот раководител биле внесени забелешки за неговите карактерни црти, што се доста интересни. За Христијан е забележано дека бил трудољубив, тивок, мирен и мошне интелигентен ученик. Заради неговата забележлива интелигенција, класниот раководител согледал дека и неговиот општ успех можел да биде уште поголем и подобар. Од друга страна, во физичка смисла, младиот Христијан не бил доволно физички развиен, не бил атлетски граден како повеќето млади луѓе. Напротив, како телесен недостаток му е забележано дека тој бил со "слаба телесна градба". Меѓутоа, треба да се истакне дека, слабата телесна градба, во текот на Народноослободителната борба, и покрај сите тешкоти што ги носи една војна, посебно партизанска, не му пречела тој да се покаже како бестрашен храбар борец и добар командант. Од друга страна, пак, младиот Христијан бил многу дружељубив и солиден ученик. На послабите ученици, тој секој пат им помогал во стекнувањето знаења; посебно, на часовите секој момент го користел за да им помогне на учениците, своите другари, за да им покаже по нешто од знаењата со кои тој ги истакнувал. Затоа, во графата на казнените мерки на Главната книга е забележано дека заради поткажување на учениците во класот, тој бил казнет од класниот раководител со казната укор. Меѓутоа, постигнатиот одличен успех на младиот Христијан бил, навистина, резултат на неговите напори и на природната интелигенција. Неговата домашна состојба, во социјална смисла, била мошне тешка, па така, приликите за учење не му биле наклонети. Таквата состојба ја согледал и неговиот класен раководител, внесувајќи податоци во таа смисла во Главната книга на Кумановската гимназија.[4] Тој споменува дека состојбата му била многу лоша. Меѓутоа, и покрај тоа Христијан со вондреден напор и со природната интелигенција, успевал да биди еден од најдобрите ученици во Кумановската гимназија. Покрај споменативе белешки за успехот на младиот Христијан и за неговите особени црти на карактерот, се спомнува и тоа дека тој посебно се однесувал во изучувањето на предметите историја и математика.

[4] Истото.

Во наредната 1939/ 40 година, Христијан Тодоровски го продолжил образованието во Кумановската гимназија и се запишал во VII клас како што се гледа во Главната книга. И во учебната 1939/40 година, односно во VIII клас, успехот на Христијан не му бил послаб од минатата учебна година. Така, според оценките внесени во Главната книга, по сите предмети, што тогаш се изучувале во Кумановската гимназија, се гледа дека Христијан, од предметот веронаука имал оценка многу добар (4), од српски јазик многу добар (4), од француски јазик многу добар (4), од историја одличен (5), од географија одличен (5), од биологија одличен (5), од математика одличен (5), од физика одличен (5), од хемија одличен (5). Интересно, со поведението и во оваа учебна година младиот Христијан не бил најдобар. Тој имал оценка многу добар (4).

Во учебната 1939/40 година, белешките за особените црти на неговиот карактер, во Главната книга, се исполнети со повеќе податоци, што говори за позасилената дејност на младиот Христијан, како во гимназијата, така и надвор од неа. Во Главната книга на гимназијата, стои дека Христијан во работата, односно во совладувањето на наставната содржина на одделните предмети бил разумен, па располагал со многу добро и солидно знаење; бил трудољубив, внимателен, "мирна и тиха душа", добар другар, мирен на часовите. Покрај споменативе карактеристички црти, класниот раководител забележал дека младиот Христијан бил и натаму со "слаба телесна градба" и дека домашните социјални прилики му биле многу неповолни за школување, што ќе рече дека неговата семејна социјална состојба, во ништо не се подобрила од минатата година, а веројатно оставила траги и врз неговата физичка конституција. Во оваа учебна година, младиот Христијан веќе покажал знаци на непочитување на училишните правила. Така, поради непридржувањето до наредбата на директорот за стрижење на косата од класниот раководител бил казнет со укор, запишан во Главната книга.

Меѓутоа, во учебната 1939/40 година кај Христијан биле забележани знаци и на политичка активност, што не се совпаѓале ни со училишните правила, ниту со стојалиштата на постојниот режим. Кај него била забележана активност, што била воопшто забранета, посебно за ученици. Чудно му било на неговиот класен раководител и на Наставничкиот совет на Кумановската гимназија ученикот, што секој пат оценуван како ученик со "слаба телесна градба", се ангажирал со политичка активност. Било забележано дека тој го изучува дијалектичкиот материјализам, чита различни списанија и весници, од кои дел добивал и нелегално. Сето тоа паднало в очи, како на училиште така и на полициските власти во Куманово. Веројатно биле прибрани и премногу податоци за да се преземат остри и радикални мерки против ученикот "со слаба телесна градба". Не била видлива активноста кај младиот Христијан, само во

Кумановската гимназија меѓу учениците. Забележлива била неговата активност и надвор од гимназијата. Често пати, пасејќи ја домашната стока во околината на Куманово, тој се сретнувал и со млади Албанци и постојано ги подучувал, ги привлекувал работејќи со нив, пред се, на политичко и културно-просветно издигнување. Прво, почнал да ги подучува во совладувањето на основите на писменоста, а подоцна, одржувал и аналфабетски курсеви. Сето тоа што го правел младиот Христијан со младите Албанци, и имало резултат во дните, што така бргу наидувале. Имено, нешто подоцна, во текот на Народноослободителната борба и антифашистичка борба на југословенските народи од 1941 до 1945 година, во која што и македонскиот народ зема активно учество за своето национално и социјално ослободување, дел од тие млади Албанци, со кои младиот Христијан, работел, соработувал и ги подучувал на основите во писменоста, се приклучиле во Народноослободителната борба како борци, заземајќи место во големата ослободителна војна и народната револуција, како борци и друго, а некои од нив ги положија и своите животи во темелите на Македонија, укажувајќи им на тогашните и на идните генерации, дека само таквиот начин е темел на заедничкиот живот и услов за опстанок.

Покрај работата со млади Албанци, младиот Христијан работел и со средноучилишната и со работничката младина во Куманово. Разбирливо таквата политичка активност не останала незабележана од училишните органи, па и од полициските власти во Куманово. Дека тоа останало забележано во Главната книга, на Кумановската гимназија, [5] а во значителна мерка се одразило во натамошниот развоен пат на младиот Христијан. Главната книга, по овој повод, ни послужи како првокласен извор за добивање податоци за овој Народен херој, за неговите младешки години, минати во Кумановската гимназија. Првиот потег го повлекла Дирекцијата на гимназијата во 1940 година, дали по иницијатива на полицијата во Куманово или самостојно, тоа е друго прашање, но останува фактот дека таа ги покажала своите остри заби кон ученикот Христијан, исклучувајќи го од натамошното школување. Еве што стои во Главната книга, по повод политичката активност на малиот Христијан: "Истеран е од сите средни училишта во Кралството Југославија, без право на полагање приватни испити, со Одлука на Наставничкиот совет, Дел. бр. 327, од 8 април 1940 година, која Одлука ја одобрил министерот за просвета со дов. бр. 3618, од 24 април 1940 година според чл. 43, точка 4, од Законот за средните училишта".[6]

Оваа сублимирана одлука за казнувањето на Христијан, внесена во Главната книга говори многу. Таа говори, пред се, за една голема

[5] Истото.

[6] Истото.

активност на Христијан уште како ученик во VI и VII клас, со што значително се замерил со режимските власти, па неговата ”вина” била толку високо вреднувана и биле превземени против него, едноставно речено, драконски мерки. Со таквите мерки, што ги презеле училишните власти во Кумановската гимназија, донесени по една процедура, што ја барале законските прописи, потврдена и од највисоките просветни власти на Кралството Југославија, му оневозможиле на Христијан натамошно школување, а со цел да му се попречи неговиот растеж во образовна смисла, што требало да има најнегативен одраз врз него, посебно, со забранување да се школува во сите средни училишта во Кралството. Колку била драстично применета одлуката за исклучување на Христијан од натамошното школување, се гледа по тоа што му било забрането дури и приватно полагање на испити,[7] нешто што е сосема спротивно и со општочовечките принципи и разбирања. Така, младиот Христијан, постојано окарактеризиран од неговиот класен раководител како младинец со “слаба телесна градба”, и недоволно исхранет, станал опасност за постојниот режим, кој што презел драстични мерки против него, со цел да го скрши, да го уништи и на тој начин да го натера, да се откаже од комунистичкото движење, на кое тој веќе припаѓал. Неговата натамошна работа покажува, во која насока тој се развива - спротивна на желбата на режимот! Тој не престанал со активноста. Работел уште позасилено за да ги дочека подготвен новите дни што така брзо наидувале. Дните кога младиот Христијан ќе го положи и животот во темелите на неговата татковина Македонија, која ќе му остане вечно благодарна, наредувајќи го во галеријата на хероите.

[7] Истото.